Tweet | Follow @UtrinskiVesnik | Ми се допаѓа 0

30.10.2011, 15:22

МАРТИН И ЛИЧЕН МЕ ЧУВАА КАКО СВОЕ ДЕТЕ



Трајче Јанчевски, сликар

Катерина Богоева

Во Галеријата „Око“ изложивте акварели. Колку акварелот е присутен во Вашето богато творештво?

- Работев акварел уште како дете, во основно образование. Во минатите години, со особено задоволство сликав акварели и со Љубомир Белогаски во Старо Нагоричане, кај црквата „Св Ѓорѓи“. Го паметам Белогаски како извонреден човек, кој поседуваше неверојатно големо количество човечка срцевина. Најголемиот дел од сликите што сега ги изложив се создадени во изминатите неколку години, но има и постари.

Дали мотивите од природата, насликаните растенија, цвеќињата, птиците, коњите се дел од вашата сегашна творечка преокупација?

- Растенијата ми се омилени, бидејќи им го согледувам развојот. Од самиот почеток, од семето, преку пупката, плодот, сакајќи таму да пронајдам некоја

Електронско издание

ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ ЧЕЛИЧНИ ОДБОЈНИ ОГРАДИ НА ПАТОТ ОХРИД- СВ. НАУМ
- БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА СО ПРЕДЛОГ ЗА ВИЦЕПРЕМИЕР ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА
- СДСМ ГИ ПОДГОТВИ ИЗМЕНИТЕ ЗА УКИНУВАЊЕ НА БОЛНИЧКАТА ПАРТИЦИПАЦИЈА
- ИВАНОВ: СО ЈОРДАН ПОСТИГНАВМЕ НАПРЕДОК ВО СФЕРАТА НА РАЗУЗНАВАЊЕ И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ
- ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ПАК К

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

12° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Ведро

ПОН	ВТО	СРЕ	ЧЕТ	ПЕТ
22	23	20	20	20
САБ	НЕД	ПОН	ВТО	СРЕ
20	22	22	25	26

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

- Малиот Павел се пробуди од вештачката кома
- Суспендирани 15 вработени во МВР за инцидентите во Собранието
- Уставниот суд се премисли и ја симна забраната за барок на ГТЦ и МОБ

своја димензија во творечкото поставување на многу нешта што постојат во нив, а само навидум ни изгледаат незначајни. Но, кога ќе почне човек да ги обработува растенијата и мисловно да ги следи, тогаш надоаѓаат многу креативни сознанија. Во нив го согледувам биоритамот на животот и затоа ме преокупираат. Јас не бегам од постоечкото, не ја прецртувам буквално природата туку сакам да им дадам една симболична димензија. Растенијата сами по себе се поетични, а јас само им давам посебни варијации.

Задоволен ли сте од она што Македонија го направи во изминатите 20 години на ликовен план?

- Го почитувам сите напори да се постигне колку може поголем напредок во културата. Постигнавме многу, затоа што имаме слобода за творење, но не само на ликовен план, туку во многу области. И музичарите постигнуваат многу, па и спортистите. Јас многу го сакам спортот. Во него гледам едни од најчесните и најискрени постигнувања на човековото битие. Се разбира, не треба да се потценува она што го направиле претходните македонски ликовни уметници. Треба да се почитува секој творец ако создава нешто што е во интерес на народот.

Чие творештво најмногу влијаело на вас?

- Творештвото на Џек Лондон, Толстој, Хемингвеј, Рембрант, Веласкез, Гоја, но и на Ван Гог, Вермер и др. Од македонските сликари, мои миленици се Мартин и Личен (Никола Мартиноски и Лазар Личеноски). Ми беа професори и ме чуваа како свое дете.

Статијата е прочитана 1138 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

ОСТАНАТИ ВЕСТИ

Што прават денеска
„Мис глоуб 2011“ - Елена е подготвена за добар пласман
Уште една убавица во семејството Црнокрак
Зборувам словенечки, ама дишам македонски

Deutsche Welle
Пипа кажа „Да“
Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0
Германија: Еден милион слободни работни места